ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 26.04.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Измени во законот за здравствено осигурување

Почитувани,

Со измените на законот за здравствено осигурување се воведуваат новини кои значат повеќе права на осигурениците како и поквалитетен здравствен систем воопшто. Поради шпекулациите кои се појавија за една одредба во измена на членот 10 од ЗЗО, би сакал да Ви потенцирам:

1. Со измените на ЗЗО се овозможува ФЗО да склучува договори со ПЗУ за здравствени услуги кои не се вршат во Јавно здравство значи овозможување на осигурениците да ја добијат здравственета услуга во Р.Македонија наместо во странство (доколку за истата пзу има решение од МЗ).
2. ФЗОМ има право за надоместок на штета од здравствена установа која неосновано издала медицинска документација за остварување на право кое не му следува на осигуреникот. Со ова се подига нивото на одговорност на ПЗУ и работа според правила во системот на здравствено осигурување.
3. Со измените на ЗЗО се врши можност за дорегулирање на правата на осигурениците кои произлегуваат од користење на здравствените услуги каде што ФЗОМ не обезбедил вршење на такви здравствени услуги и кои ќе бидат регулирани во посебен правилник.

   **Ова не се однесува за права од законот за работни односи како што се породилни отсуства и боледувања.**

   **Значи, процедурата за боледувања нема промени.**

Бранко Аџигогов
Портпарол